СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА
Република Северна Македонија
KËSHILLI PËR AVANSIM DHE MBIKËQYRJE TË REVIZIONIT NË
Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр.-Nr. 01-43/1
28.01. 2026 год.-viti

Врз основа на член 75 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ ~~бр.24/19 и~~ „Службен Весник на Република Северна Македонија “ бр. 87/21 и 14/25) и Правилникот за формата, содржината како и начинот на изготвување на Годишниот план за јавни набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/19 и 87/21), Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија на седница одржана на 28.01.2026 година го донесе следново:

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА 2026 ГОДИНА НА

# СОВЕТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА РЕВИЗИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковна спогодба | Шифра според ЗПЈН | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапка | Проценета вредност без ДДВ | Очекуван почеток на постапката (месец) | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I. | **Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки** | | | | | | |
| II. | **Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги** | | | | | | |
| 1. | Услуги за набавка на авиобилети | 60400000-2 | Договор за набавка на услуги | Набавка од мала вредност | 200.000,00 | Јануари | Согласно член 62 од Законот за јавните набавки (преку централен орган) |
| 2. | Услуги од мобилна телефонија | 64200000-8 | Договор за набавка на услуги | Набавка од мала вредност | 200.000,00 | Јануари | Согласно член 62 од Законот за јавните набавки (преку централен орган) |
| 3. | Услуги за одржување на хигиена | 90900000-6 | Договор за набавка на услуги | Набавка од мала вредност | 300.000,00 | Јануари | Согласно член 62 од Законот за јавните набавки (преку централен орган) |
| 4. | Угостителски услуги | 55000000-0 | Договор за набавка на услуги | Посебни Услуги | 615.000,00 | јануари | Со Решение за обезбедување на посебни услуги согласно член 40 став (1) точка (а) |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | алинеја 3 и член 121 од Законот за јавните набавки |
| 5. | Хотелски услуги | 55000000-0 | Договор за набавка на услуги | Посебни услуги | 615.000,00 | јануари | Со Решение за обезбедување на посебни услуги согласно член 40 став (1) точка (а) алинеја 3 и член 121 од Законот за јавните набавки |
| 6. | Услуги за обука и образование | 55000000-0 | Договор за набавка на услуги | Посебни услуги | 615.000,00 | јануари | Со Решение за обезбедување на посебни услуги согласно член 40 став (1) точка (а) алинеја 3 и член 121 од Законот за јавните набавки |
| 7. | Ревизија на завршна сметка 2023 и 2024 година | 79212100-4 | Договор за набавка на услуги | Набавка од мала вредност | 250.000,00 | Јуни | |
| **III.** | **Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи** | | | | | | |

**в.д. Претседател на Советот**
**Филип Василески**

Врз основа на член 14 од Законот за ревизија (“Службен весник на Р. Македонија” бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16, 83/18 и “Службен весник на РСМ” бр. 122/21), а во врска со член 75 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија “ бр. 87/21 и 14/25), Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 28.01.2026 година донесе

**ОДЛУКА**

за усвојување на Планот за јавни набавки на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2026 година

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Планот за јавни набавки на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2026 година со број 01-43/1 од 28.01.2026 година, усвоен на седница одржана на 28.01.2026 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**в.д. Претседател на Советот**
**Филип Василески**

Бр. 02-43/2
28.01.2026

Врз основа на член 75 и член 40 став (1) точка (а) алинеја 3 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија “ бр. 87/21 и 14/25), Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија на седница одржана на 28.01.2026 година го донесе следново

СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА Република Северна Македонија
KËSHILLI PËR AVANSIM DHE MBIKËQYRJE TË REVIZIONIT NË Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр.-Nr. 02-43/3
28-01. 2026 год.-viti

**РЕШЕНИЕ**
**за угостителски услуги**

1. Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија има потреба од угостителски услуги во текот на 2026 година.

2. За услугите од точка 1 на ова решение се утврдуваат средства во нето износ до 615.000,00 денари, а во бруто износ до 725.700,00 денари, а плаќањето ќе се изврши од буџетот на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2026 година, од самофинансирачката сметка 787 и буџетска сметка 637.

3. Доколку вредноста на поединечната угостителска услуга не надминува 60.000,00 денари без вклучен ДДВ, плаќањето може да се изврши врз основа на обезбедена фискална сметка или фактура.

4. Доколку поединечната угостителска услуга е со вредност од над 60.000,00 денари без вклучен ДДВ, потребно е да се обезбедат најмалку три понуди во секој поединечен случај, а доколку од оправдани причини услугата може да ја изврши само еден економски оператор, кон понудата на тој економски оператор да се приложи и образолжение во прилог на оправданите причини дека услугата може да ја испорача само тој економски оператор.

5. Вредноста на угостителските услуги кои се обезбедуваат на континуирана основа секој месец (врз основа на репрезентација и слично) се пресметува со земање предвид на целокупната вредност на услугата за период од една година.

6. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Образложение**

Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија има потреба од угостителски услуги во текот на 2026 година. Согласно член 40 став (1) точка (а) алинеја 3 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија “ бр. 87/21 и 14/25), одредбите од овој закон се применуваат за постапки за јавни набавки и на конкурсите за избор на идејно решение чија проценета вредност без ДДВ е еднаква или поголема од „10.000 евра во денерска противвредност **за посебни услуги**“. Согласно Правилникот за видовите на посебни услуги кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија “ бр. 87/21 и 14/25), угостителските услуги се дефинирани како услуги од редот на посебните услуги.

Согласно горенаведеното, со ова решението не се предвидува примена на конкретна постапка за доделување на договор за јавна набавка.

Со цел почитување и примена на основните принципи на Законот за јавните набавки, со ова решение се предвидуваат одредени правила како да се спроведат поединечните набавки на угостителските услуги во зависност од нивната вредност.

**в.д. Претседател на Советот**
**Филип Василески**

Врз основа на член 75 и член 40 став (1) точка (а) алинеја 3 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија “ бр. 87/21 и 14/25), Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија на седница одржана на 28.01.2026 година го донесе следново

СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА
Република Северна Македонија
KËSHILLI PËR AVANSIM DHE MBIKËQYRJE TË REVIZIONIT NË
Republikën e Maqedonisë së veriut
Бр.-Nr. 02-43/4
28.01. 2026 год.-viti

# РЕШЕНИЕ
## за хотелски услуги

1. Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија има потреба од хотелски услуги во текот на 2026 година.

2. За хотелските услуги од точка 1 на ова решение се утврдуваат средства во нето износ до 615.000,00 денари, а во бруто износ до 725.700,00 денари, а плаќањето ќе се врши од буџетот на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2026 година, од буџетска сметка 637 и самофинансирачка сметка 787.

3. Доколку вредноста на поединечната хотелска услуга не надминува 60.000,00 денари без вклучен ДДВ, плаќањето може да се изврши врз основа на издадена фискална сметка или фактура.

4. Доколку поединечната хотелска услуга е со вредност од над 60.000,00 денари без вклучен ДДВ, потребно е да се обезбедат најмалку три понуди во секој поединечен случај и да се прифати понудата со најниска цена, а доколку од оправдани причини бараната услуга може да ја изврши само еден економски оператор, кон понудата на тој економски оператор да се приложи и образолжение во прилог на оправданите причини дека услугата може да ја испорача само тој економски оператор.

5. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## Образложение

Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, во функција на извршување на своите стратешки цели, како и извршување на своите надлежности, има потреба од хотелски услуги во текот на 2026 година. Согласно член 40 став (1) точка (а) алинеја 3 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија “ бр. 87/21 и 14/25), одредбите од овој закон се применуваат за постапки за јавни набавки и за конкурсите за избор на идејно решение чија проценета вредност без ДДВ е еднаква или поголема од „10.000 евра во денерска противвредност **<u>за посебни услуги</u>**“. Согласно Правилникот за видовите на посебни услуги кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/19 и 87/21), хотелските услуги се дефинирани како услуги од редот на посебните услуги.

Согласно горенаведеното, со ова решението не се предвидува примена на конкретна постапка за јавна набавка за доделување на договор за јавна набавка.

Со цел почитување и примена на основните принципи на Законот за јавните набавки, со ова решение се предвидуваат одредени правила како да се

спроведат поединечните набавки на хотелските услуги во зависност од нивната вредност.

**в.д. Претседател на Советот**
**Филип Василески**

Врз основа на член 75 и член 40 став (1) точка (а) алинеја 3 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.24/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија " бр. 87/21 и 14/25), а во врска со Одлуката за усвојување на Годишен план за обуки на вработените во стручната служба на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на РСМ за 2026 година со бр. 02-365/2 од 17.12.2025 година, Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија на седница одржана на 28.01.2026 година го донесе следново

СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА Република Северна Македонија
KËSHILLI PËR AVANSIM DHE MBIKËQYRJE TË REVIZIONIT NË Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр.-Nr. 02-43/5
28.01. 2026 год.-viti

**РЕШЕНИЕ**
**за услуги за обука и образование**

1. Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија има потреба од услуги за обука и образование на вработените во Стручната служба на Советот во текот на 2026 година.

2. За услугите за обука и образование од точка 1 на ова решение се утврдуваат средства во нето износ до 615.000,00 денари, а во бруто износ до 725.700,00 денари, а плаќањето ќе се врши од буџетот на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2026 година, од буџетска сметка 637 и самофинансирачка сметка 787.

3. Доколку вредноста на поединечната услуга за обука и образование не надминува 60.000,00 денари без вклучен ДДВ, плаќањето може да се изврши врз основа на издадена фискална сметка или фактура.

4. Доколку поединечната услуга за обука и образование е со вредност од над 60.000,00 денари без вклучен ДДВ, потребно е да се обезбедат најмалку три понуди во секој поединечен случај и да се прифати понудата со најниска цена, а доколку од оправдани причини бараната услуга може да ја изврши само еден економски оператор, кон понудата на тој економски оператор да се приложи и образолжение во прилог на оправданите причини дека услугата може да ја испорача само тој економски оператор.

5. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Образложение**

Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, во функција на извршување на своите стратешки цели, како и извршување на своите надлежности, има потреба од услуги за обука и образование во текот на 2026 година. Согласно член 40 став (1) точка (а) алинеја 3 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.24/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија " бр. 87/21 и 14/25), одредбите од овој закон се применуваат за постапки за јавни набавки и за конкурсите за избор на идејно решение чија проценета вредност без ДДВ е еднаква или поголема од „10.000 евра во денерска противвредност **__за посебни услуги__**". Согласно Правилникот за видовите на посебни услуги кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.24/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија " бр. 87/21 и 14/25), услуги за обука и образование се дефинирани како услуги од редот на посебните услуги.

Согласно горенаведеното, со ова решението не се предвидува примена на конкретна постапка за јавна набавка за доделување на договор за јавна набавка.

Со цел почитување и примена на основните принципи на Законот за јавните набавки, со ова решение се предвидуваат одредени правила како да се спроведат поединечните набавки на услуги за обука и образование во зависност од нивната вредност.

**в.д. Претседател на Советот**
**Филип Василески**